ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 114 – 1/2009
Загреб, 18. 07. 2009.

# З А П И С Н И К

од **4. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **18.07.2009. година** со почеток во **12.40 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб и И. Дуноски – Риека.

**Отсутни:** Н. Гроздановски – Загреб и З. Петровски – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, а потоа го прочита дн. ред за истата. Б. Штерјов предложи да се додаде уште една точка која би била ставена шеста по ред и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** со тоа дополнување, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 3-та седница и од вонредниот состанок на УО од 25.04.2009.;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.04.-30.06.2009.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2009. godine“ со трошковниците;
4. Договор околу реализацијата на програмите во 2009 година и усвојување на донесените одлуки;
5. Донесување на одлука за разрешување на досегашниот дописник на списанието „Македонски глас„ од Осиек и именување на нов дописник;
6. Донесување на одлука за редефинирање на износот за Договорот помеѓу Заедницата и МКД „Охридски бисер„ и Заедницата и МПЦО „Св. Злата

Мегленска„ за уредување на меѓусебните односи и услови за користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата и тоа од 01.07.2009. година;

7. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 3. седница и од вонредниот состанок на УО од 25.04.2009. (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и предаден од страна на друштвата (освен Пула и Задар) и Заедницата (прилог). Претс. А. Митревски на присутните поднесе усмен извештај за остварените патувања како и за конвенциите и округлите маси и сл., на кои присуствуваше во периодот од минатата седница. За одржувањето на Годишниот македонски собир се констатираше дека поради заштеда на средствата, би било подобро да се одржи кога финансиската ситуација ќе биде поповолна. Потоа претс. А. Митревски ги извести присутните дека е пристигнат допис од Советот за национални малцинства во РХ, во кој се вели дека од 01 јули оваа година, поради тешката економска криза, со спроведениот втор ребаланс на буџетот на РХ, се намалуваат средствата за Заедницата и друштвата во вкупен износ од 2,61 % до следниот ребаланс (прилог). Во дописот е нагласено дека треба да се спроведат значајни мерки на штедење, особено на ставките од режиските трошоци за манифестациите, како што се репрезентациите, патните налози и сл. Исто така, тој рече дека со следниот ребаланс може да се очекува тој процент да биде битно зголемен, па со тоа и апелот за рационално и економично користење на средствата со кои располага Заедницата, добива уште поголемо значење, а на Заедницата останува да одлучи од што и на кој начин ќе се спроведат овие мерки на штедење.

**Ад. 3.** За полугодишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2009. godine" за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и предаден до Советот (прилог), заедно со Извештаите на друштвата. Секретарката Е. Петровска ја изнесе моменталната финансиска состојба на Заедницата и нагласи дека редуцирањето на севкупните трошоци е неопходно во понатамошното работење. Се дадоа примедби и на големиот број остварени патни трошоци во првата половина на оваа година. Патниот налог на претс. А. Митревски за „12. Деновите на браќа Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково, **е одобрен** од членовите на УО. За наредните вонредни службени патувања со автомобил, се **донесе одлука** да се редуцираат колку што е можно повеќе, а за остварените да се врши исплата од максимум 1,50 кн. по км. (или 1,00 кн., доколку постои потреба, а не се закинати реалните трошоци на патувањето). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** полугодишниот Извештај заедно со трошковниците и патните налози.

**Ад. 4.** Претс. А. Митревски ги извести присутните дека е потпишан Договор со МНР на РМ, СЗД за финансиска поддршка на проектот „Се запознаваме со нашето потекло„ – училиште по македонски јазик за деца на македонската дијаспора од РХ и останатите балкански држави (Бугарија, Србија, Грција, Албанија, БиХ и др.), во вкупен износ од 488.000,00 ден. (околу 8.000,00 евра), кој ќе се реализира од 02-09 август во Рогач на Шолта, во исто време кога ќе се реализира и летниот камп – училиште по македонски јазик за деца од РХ, за кој проект се одобрени 60.000,00 кн. од Министерството за наука, образование и спорт на РХ. Освен овие проекти, до крајот на годината остануваат да се реализираат следните манифестации на ниво на Заедницата: „Илинден 1903-2009„ – Голубињак, „Ден на Заедницата„ – Загреб, „Изложба на етно ракотворби„ – Задар, „Рацинов ден„ – Самобор и промоции на книги издадени од Заедницата. За сите овие

манифестации се расправаше и одлучуваше да се намалат трошоците во рамките на сè досега реченото и да се најдат спонзори кои финансиски би ја потпомогнале реализацијата. Членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** манифестацијата „Ден на Заедницата„ да се одржи во сабота на 17 октомври, за членови на програмскиот одбор се именувани сите водители на секциите на друштвата, а за **програмски координатор** е именувана И. Дуноски.

**Ад. 5.** Врз основа на донесената одлука на седницата на УО на МКД „Браќа Миладиновци„ од Осиек, за прифаќање на оставката, а со тоа и разрешување на досегашната дописничка од Осиек и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ Бранка Јањиќ и именување на Јулијана Младеновска Тешија, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се потврдува разрешувањето на Бранка Јањиќ од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ како досегашна дописничка од Осиек;
- Се потврдува именувањето на Јулијана Младеновска Тешија како член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ и како дописничка од Осиек.

Одлуката врзана за одржување состанок на Колегиумот на „Мак. глас„ и членовите на УО на Заедницата, која се донесе на Собранието на Заедницата, како и останатите одлуки врзани за „Мак. глас„ од 3. седница на УО на Заедницата, а кои требаа да бидат реализирани на оваа седница на УО, се одложуваат за на есен оваа година.

**Ад. 6.** Претс. А. Митревски рече дека е одржан состанокот кој беше договорен на вонредниот состанок во врска со редефинирање на процентот за подмирување на режиските трошоци во просториите на Заедницата меѓу МКД „Охридски бисер„ МПЦО „Св. Злата Мегленска„ и Заедницата. На тој состанок биле присутни протојереј К. Велински, В. Штерјова и А. Митревски. Б. Штерјов рече дека МКД „Охридски бисер„ подмирува преголем процент во однос на тоа колку ги користи просториите, односно колку прави режиски трошоци. Се даде предлог во иднина режиските трошоци да се поделат на следниот начин: МКД „Охридски бисер„ – 20 %, МПЦО „Св. Злата Мегленска„ – 35 % и Заедницата – 45 %. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **со три гласа за и два против ја донесоа следната одлука**:

- Почнувајќи од 01.07.2009. година, да се склучи Договор со МКД „Охридски бисер„ од Загреб и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за уредување на меѓусебните односи и услови за користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата и тоа на начин – ЗМРХ 45 %, МКД „Охридски бисер„ 20 % и МПЦО „Св. Злата Мегленска„ 35 %.

**Ад. 7.** Под точката разно, претс. А. Митревски рече дека излезе од печат книгата „Бели мугри 1939-2009 – РЕПРИНТ„ од Кочо Рацин, која му беше подарена и на претседателот на РМ, Ѓорге Иванов, на одржаната средба на 13 јули во Загреб. Потоа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука**:

- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Бели мугри 1939-2009 – РЕПРИНТ„ од Кочо Рацин на уредникот О. Бојаџиски, и по 50 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 120,00 кн.

На крајот, Ј. Цветичанин даде предлог во иднина членовите од УО кои ќе бидат спречени да присуствуваат на седниците, да праќаат свој претставник од УО на друштвото, на нивни терет и без право на одлучување, но корисно поради навремено информирање на останатите членови. Потоа И. Дуноски се заблагодари на сите кои помогнаа во одржувањето на фолклорниот концерт „Свечена вечер„ на МКД „Илинден„ во Риека. По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 18.15 часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски